*Број: 02 - 4474/2*
*24.06.2010 година*
*С к о п ј е*

***ЗАПИСНИК***
***од LXXVII -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*одржана на 31.03.2010 година со почеток во 11.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *М-р Маја Парнарциева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*

- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии (делумно присутна);*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи (делумно присутен);*
- *Кристина Христова, раководител на одделението за фармација (делумно присутна);*
- *Соња Златановска, стручен соработник во секторот за фармација (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Седницата ја отвори претседателката на Управниот одбор Елена Трпковска. Утврди дека на седницата се присутни шест членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го изложи претходно доставениот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Одлука за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
2. *Одлука за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
3. *Одлука за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, ќе го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
4. *Разно.*

*Потоа праша дали има други предлози во врска со дневниот ред на седницата.*

*Бидејќи такви предлози немаше, Управниот одбор едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Одлука за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
2. *Одлука за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
3. *Одлука за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, ќе го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
4. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

***ТОЧКА 1*** *- Одлука за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година*

*Директорката Парнарциева - Змејкова најнапред наведе дека важечкиот систем за постојано доделување на решенија за вршење на дејност од Министерството за здравство на нови здравствени установи од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита предизвикува огромен притисок врз Фондот за задолжително склучување на договори. Ова оттаму што не постојат критериуми по кои Фондот би можел да одлучува со кои здравствени установи што имаат дозвола за работа ќе склучува договори а со кои не. Тоа е проблем ако се знае дека средствата се ограничени, а можноста во секое време да биде склучен договор со новоотворени установи создава несигурност кај веќе постоечките.*

*Татјана Лукановска како пример наведе дека во Хрватска е воспоставена мапа на земјата по која се гледа на кое подрачје какви и во кој обем услуги се потребни. Во согласност со неа и се склучуваат договорите со здравствените*

*установи заради задоволување на потребите од тие услуги. Додаде дека имајќи ја во вид нашата состојба, во Фондот се изготвени три варијанти на надоместоци за приватните здравствени установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита. Најпрво треба да се одлучи дали ќе се склучуваат нови договори, и ако се склучуваат дали да се намалат надоместоците на установите со кои досега имало склучени договори или да се обезбедат средства за сите заедно со нововклучените. Значи првата варијанта е да не се вклучат новите здравствени установи, втората е да се вклучат нови и да се изврши намалување на висината на надоместоците на установите кои веќе имале договори со Фондот во 2009 година, и третата е да се вклучат новите без намалување на висината на надоместоците, и да се одлучи од каде да се обезбедат средства. Укажа и дека во табелата се испуштени две здравствени установи, Его-Медика од Куманово и Поликлиника Карпош од Куманово. Управниот одбор треба да ги има во вид и нив при одлучувањето.*

*Лазар Трајчев додаде дека во минатото, согласно законот и подзаконските акти, Фондот склучуваше договори со сите установи што тоа ќе го побараат а ги исполнуваат пропишаните услови и за кои ќе се утврдат буџети од Управниот одбор.*

*Директорот Јелникар пак наведе дека Фондот е соочен со состојба која друг ја диктира, со постојано зголемување на бројот на здравствените установи. До одреден степен конкуреријата има смисла и позитивно влијание но со понатомошно зголемување на бројот на здравствени установи се предизвикуваат и негативни ефекти.*

*Елена Трпковска укажа дека издавањето на дозволи за работа на здравствените установи е домен на Министерството за здравство.*

*Директорката Парнарџиева - Змејкова пак наведе дека ние укажуваме каква е состојбата од аспект на Фондот, односно дека рапидно расте бројот на здравствени субјекти со кои Фондот има договор а за сметка на тоа се намалува бројот на вработени во Фондот односно слабее капацитетот за контрола, Затоа бараме Управниот одбор да даде насоки дали и до кога да се оди во ширина со склучувањето на договорите.*

*Елена Трпковска истакна дека треба да се воспостават критериуми кои здравствени установи може а кои не може да склучат договор со Фондот, а Фондот не може арбитрерно да одлучува со некои да не склули договор.*

.

*Борис Јосифовски наведе дека со оглед што живееме во пазарна економија, пазарот треба да покаже колку здравствени установи треба да постојат. Оние што не ќе можат да работат со мал профит ќе затворат. Нам ни е потребна конкуренција заради подобрување на квалитетот а конкуренцијата ја овозможуваат многубројните приватни установи. Јавниот сектор по дефиниција е неефикасен.*

*Љубиша Каранфиловски на ова укажа дека во здравствените системи не е возможно да се воспостави класична пазарна економија. Јавниот здравствен сектор е оној кој може да се јави во улога на оштетен за разлика од приватниот, бидејќи само државата е таа која може да се јави во таа улога.*

*Горан Коевски предложи, Фондот согледувајќи ја актуелната состојба и проблемите со кои се соочува при одлучувањето за склучувањето на договорите и висината на надоместоците на здравствените установи, да посочи кои точно измени треба да се направат во важечката регулатива за да се создаде јасен и ефикасен систем.*

*Татјана Лукановска укажа дека првата варијанта од предлогот на Фондот не подразбира целосно одбивање на новите понуди за склучување на договор, туку нивно ставање на страна во еден кус период.*

*Директорот Јелникар наведе дека решение кое не е добро но во моментов се чини единствено можно е како кај аптеките. Тоа значи, расположливите средства да се поделат на сите субјекти. Во секој случај ќе имаме инфлација на услуги се додека како држава не дефинираме колку од кои услуги и по кој стандард ни требаат.*

*Беким Сали во однос на дозволите за работа што ги издава Министерството за здравство истакна дека Министерството според законот не може да не издаде решение ако здравствената установа ги исполнува законските услови. Меѓутоа тоа решение не значи и дека Фондот мора да склучи договор со здравствената установа. Можеби Фондот самиот може да изготви мапа за своите потреби.*

*По ова, Елена Трпковска предложи средства за надоместоците на здравствените установи од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита да се обезбедат со намалување на буџетските плафони на јавните здравствени установи, односно здравствените домови. На тој начин Фондот да отиде чекор понапред од Министерството и да го поттикне да работи на нивна трансформација, што е и една од мерките на Владата за справување со состојбите во здравството. Извршивме намалување на вредноста на поенот на примарните лекари за 5 денари со антиципација дека ќе се спроведуваат и други мерки.*

*Љубиша Каранфиловски праша по кој модел и врз основа на кои анализи би се нпаравило тоа.*

*Елена Трпковска наведе дека сака Управниот одбор принципиелно да одлучи дали ќе се вклучуваат нови здравствени установи, а потоа стручните служби да му елабориираат на следната седница.*

*Потоа повторно се зборуваше за можноста Фондот да утврди здравствена мапа за своите потреби, а Горан Коевски укажа дека ако законот не дава таква можност, мапата би можела да биде ставена вон сила од Уставниот суд. За тоа да не се случи, повтори дека е потребно Фондот да посочи кои точно измени треба да се направат во важечката регулатива што би создале јасни правила за склучување на договори со здравствените установи.*

*По ова, Елена Трковска побара членовите на Управниот одбор да се изјаснат какво решение поддржуваат.*

*Страшо Наумоски наведе дека ја поддржува втората варијанта со оглед што Фондот нема доволно средства, но и итно да се преземат мерки за доуредување на регулативата за што стана збор пред малку. Истакна и дека е неопходно да се реализираат сите мерки за надминување на состојбите во здравството донесени од Владата. Додаде и дека не е за намалување на средствата на здравствените установи заради вклучување на новите.*

*Елена Трпковска повтори дека предлага средства да се обезбедат со намалување на буџетските плафони на здравствените домови, со што Фондот ќе отиде и чекор понатаму од Министерството за здравство и ќе поттикне реформирање на здравствените домови и реализирање на другите мерки за надминување на состојбите во здравството.*

*Горан Коевски го поддржа предлогот.*

*Љубиша Каранфиловски пак истакна дека треба да се прифати она решение што е најповолно за Фондот од аспект на финансиската одржливост.*

*Беким Сали се заложи договори со новите здравствени установи да се склучуваат откако ќе се остварат заштеди.*

*Љубиша Каранфиловски наведе дека го поддржува предлогот за вклучувањето на новите приватни здравствени установи од специјалистичко-консултативната здравствена заштита со средства од заштедите, но праша што ако не се остварат заштеди, дали тоа ќе значи повторно да се извршат кратења.*

*Истакна дека во моментов немаме права анализа на која можеме да се потпреме за кратење на средства од здравствените домови и пренасочување на истите за буџетите за новите ПЗУ од специјалистичко-консултативната здравствена заштита.*

*По ова, Елена Трпковска предложи да се вклучат новите специјалистички здравствени установи, зашто не постои правен основ Фондот да одлучува со кои да склучи а со кои не. Средства да се обезбедат со намалување на буџетските плафони на здравствените домови пропорционално на висината на буџетот која не ја оправдуваат со фактури за дадени услуги имајќи предвид дека тие ќе бидат предмет на трансформација. На овој начин да се обезбедат вкупно 15 милиони. Овој предлог заедно со предложената одлука за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок го стави на гласање.*

*Елена Трпковска, Горан Коевски, Борис Јосифски и Страшо Наумоски гласаа за предлогот, а Беким Сали и Љубиша Каранфиловски гласаа против. На тој начин, Управниот одбор со мнозинство гласови донесе*

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година***

*со која се утврди висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната здравствена заштита и за новите специјалистички здравствени установи. Заклучи средства да се обезбедат со намалување на буџетските плафони на здравствените домови пропорционално на висината на буџетот која не ја оправдуваат со фактури за дадени услуги.*

***ТОЧКА 2*** *- Одлука за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година*

*Елена Трпковска во врска со ова точка од дневниот ред, укажа дека најнапред е потребно Фондот најпрвин да одржи разговори со стоматолозите заради усогласување на ставовите по однос на ова прашање, па дури потоа Управниот одбор да се произнесе за висината на вкупниот договорен надоместок на*

*здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко - консултативната стоматолошка здравствена заштита.*

*И останатите членови на Управниот одбор се согласија со предлогот, по што оваа точка беше симната од дневниот ред.*

*ТОЧКА 3 - Одлука за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, ќе го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година*

*Објаснување по оваа точка од дневниот ред даде Кристина Христова. Наведе дека во процесот на утврдување на износите на средства биле користени и исклуствата на секторот за финансии во утврдување на буџетите на здравствените установи. Најпрво вкупните средства наменети за обезбедување на осигурените лица со лекови биле поделени по подрачни служби а потоа и по одделни аптеки на подрачјето на подрачните служби. Половина од висината на утврдената квота се определува за тимот и добрите деловни односи, а втората половина според реализираните рецепти. Максималниот утврден месечен износ е 650 илјади денари а минималниот 85 илјади.*

*Во понатамошната дискусија членовите на Управниот одбор забележаа дека отворањето на нови аптеки кои сакаат да склучат договор со Фондот се одразува на висината на надоместокот на аптеките кои претходно работеле.*

*Во врска со тоа Беким Сали објасни дека Министерството за здравство им издаваа дозволи за работа на аптеките кои ги исполнуваат за тоа пропишаните услови. Тоа меѓутоа не значи дека Фондот задолжително мора со сите нив да склучи договор. Постоењето на поголем број на аптеки создава конкуренција па Фондот може да склучи договори со најдобрите.*

*Директорот Јелникар пак наведе дека Фондот нема основ да одлучува со која аптека да склучи договор а со која не.*

*Горан Коевски укажа дека таквата состојба не е добра и остава простор за влијанија и арбитрерност. Потребно е во законот да се даде цврста рамка по која да се постапува. Меѓу најважните услови е донесувањето на медицинската мапа. Побара Управниот одбор да иницира законски измени во насока на утврдување цврсти законски правила за постапување. Побара и на интернет страницата на Фондот покрај висината на месечните износи на средства утврдени за секоја аптека, да се објави и методологијата по која се добиени.*

*По ова, Елена Трпковска заклучи дека висината на месечните износи е утврдена во согласност со важечкиот правилник кој Управниот одбор порано го донесе, па предложи да се донесе одлуката за определување на месечните износи на средства за аптеките.*

*Останатите членови се согласија со предлогот, по што Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***

***за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, ќе го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година***

*ТОЧКА 4 -**Разно***

*Бидејќи немаше предлози за разгледување под точката разно, по донесувањето на одлуката од точката 3 на дневниот ред, во 14.40 часот Управниот одбор заврши со работата на LXXVII -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Елена Трпковска***